СГД РЕВИЗИЈА ТП

адреса: ул. Јадранска бр. 22 - Скопје
телефон/факс: +398 (0)2 2031 156
моб.: +389 (0)71 372 671
мејл.: sgdrevizija@hotmail.com
сајт: www.sgdrevizija.com
даночен број: 5044013500814
жиро сметка: 300000003601743
депонент: Комерцијална Банка АД Скопје

ТП за ревизија, сметководствени работи и консултантски услуги СГД РЕВИЗИЈА Дуковски Миливој Светлана
Бр. 010/16
31.03 2016 год
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ за 2015 НА СГД РЕВИЗИЈА ТП СКОПЈЕ

Согласно барањата на член 35 од Законот за ревизија (Сл.весник на РМ бр.158/2010, 135/2011, 138/2015, 145/15, 192/15), ТП за ревизија, сметководствени работи и консултантски услуги СГД РЕВИЗИЈА ТП Скопје (во понатамошниот текст ТП) го изготвува и објавува овој извештај.

Извештајот ги содржи информациите во врска со:

- опис на правната структура и сопственост на ТП за ревизија;
- опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа;
- опис на управувачката структура на ТП;
- опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на ТП и изјава од овластениот надлежен орган за ефективноста на функционирањето на овој систем;
- датум кога е извршена последна проверка за уверување во квалитеот на ревизорот согласно со членот 20 од овој закон;
- список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2015 година;
- изјава за независно работење на ТП со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;
- изјава за политиката што ја следи ТП за ревизија во текот на претходната година за контиунирана едукација на овластените ревизори;
- финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоцирасчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги
- информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

## Правна структура и сопственост

ТП за ревизија, сметководствени работи и консултантски услуги СГД РЕВИЗИЈА Дукоска Миливој Светлана Скопје е регистрирано за вршење на ревизија на финансиските извештаи, сметководствени работи, како и на даночни и консалтинг услуги од областа на финансиското работење.

СГД РЕВИЗИЈА ТП е регистрирано во Централниот регистар на РМ врз основа на актот за основање од 10.06.2013 година и добиената лиценца за вршење работи на ревизија на овластен ревизор трговец-поединец од Советот за унапредување и развој на ревизијата во Република Македонија (СУНР на РМ) со регистарски број 02 издадена на 02.07.2013 година согласно член 24 од Законот за ревизија. Во Институтот на овластени ревизори на Република Македонија ТП е заведен под регистарски број ТП014.

Во ТП се вработени на полно работно време:

- дипл.екон. Светлана Дукоска со лиценца со регистарски број 33 издадена од СУНР на РМ за вршење работи на ревизија за овластен ревизор согласно член 49 од Законот за ревизија;
- дипл.екон. Горан Дукоски на работно место асистент ревизор.

Според Законот за Трговски Друштва СГД РЕВИЗИЈА ТП е регистрирано како трговец-поединец од основачот/сопственикот Светлана Дукоска од Скопје.

Приоритетна дејност, т.е. главна приходна шифра на ТП е 69.20 - сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

СГД РЕВИЗИЈА ТП нема подружници ниту, пак, е основач на други субјекти во земјата и странство.

Минималната сума на покривање по штетен настан изнесува 43,819.оо денари за осигурителен имот од 250.000 Евра што се докажува со полиса број 1300100022237 за период од 01.01.2015 до 01.01.2016 година издадена од Друштвото за осигурување УНИКА АД Скопје.

СГД РЕВИЗИЈА ТП нуди ревизорски и консултантски услуги од областа на сметководствените услуги и даночното советување.

## Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припаѓа

ТП не припаѓа на некоја меѓународна професионална мрежа, туку делува на територијата на Република Македонија и припаѓа на професионалната мрежа на овластени ревизори на Република Македонија.

## Опис на управувачката структура

Согласно Законот за Трговски Друштва и Договорот за основање, со ТП управува управител. За управител е назначен овластениот ревизор Светлана Дукоска.

Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот и изјава од административно управувачко тело за ефикасноста на неговото функционирање

За воспоставување на системот на контрола на квалитетот се применуваат одредбите од Меѓународниот стандард за контрола на квалитетот 1.

Системот за контрола се состои од политики дизајнирани така што ќе обезбедат разумно уверување дека фирмата и нејзиниот персонал се придржуваат кон професионалните стандарди, законските и регулаторните барања и дека извештаите на ТП се соодветни на околностите.

Целите на политиките за контрола на квалитетот на ревизорската работа се следните:

- **професионални барања** - придржување на персоналот на основните принципи на независност, интегритет, објективност, доверливост и професионално однесување
- **вештини и компетентност** - екипираност со персоналот кој се стекнал и одржува соодветни стручни стандарди и соодветна професионална компетенција која се бара со цел да се овозможи персоналот да ги извршува своите обврски со должно внимание
- **назначување** - ревизорската работа да се извршува од страна на персоналот со соодветна стручна подготовка и обука која се бара во дадени услови
- **делегирање** - при вршење на ревизорската работа да постои соодветен систем на насочувања, надзор и преглед на работата со цел да се обезбеди разумна сигурност дека работата што се извршува е во согласност со барањата на соодветните стандарди
- **консултирање** - при неопходно консултирање да се користат услугите на лица кои имаат соодветна стручност по тие прашања
- **прифаќање и задржување на клиенти** - донесување на соодветните одлуки за прифаќање и задржување на некој клиент зависи од способноста на ТП
- **надгледување** - континуирано надгледување на ефективното спроведување на политиките и постапките за контрола на квалитетот.

Во приложената изјава во понатамошниот текст управителот изјавува дека системот на контрола на квалитетот функционира ефективно во рамките на ТП.

## И З Ј А В А

## за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитетот

Јас, Светлана Дукоска, овластен ревизор и управител на СГД РЕВИЗИЈА ТП Скопје, изјавувам дека усвоениот внатрешен систем на контрола на квалитетот на ТП ефективно функционира. Во правилникот за контрола на квалитет се опишани политиките и процедурите за контрола на квалитетот. Придржувањето кон политиките и процедурите за контрола на квалитет се регулира на почетокот на секоја година со потпишување на изјава од страна на вработените.

СГД РЕВИЗИЈА ТП Скопје

Управител,

СГД РЕВИЗИЈА СКОПЈЕ

Светлана Дукоска

**Датум кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот**

Согласно член 20 од Законот за ревизија ИОРРМ спроведе контрола за уверување во квалитетот на СГД РЕВИЗИЈА ТП во период од 03.09-05.09.2014година за извршени ревизии на два субјекти за годината што завршува на 31 декември 2013.

**Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2015 година**

Во текот на 2015 година ТП изврши законска ревизија на БЕТ-ПРО ВИЛ ХИЛ ДООЕЛ Скопје, ГИГО ТРЕЈД Дејан ДООЕЛ Скопје, ГЛОБАЛКОД ДОО Кичево, ГРАДЕЖНИК ДООЕЛ Охрид, ПРОТОТИП Скопје, СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД ДОО Скопје, СПОРТ М ДОО Скопје, ВАК СТРУЖАНКА ДООЕЛ Скопје, УСЈЕПОР ДООЕЛ и договорна ревизија на КРОНОМАК ДООЕЛ Скопје.

**Изјава за независно работење на ТП со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

СГД РЕВИЗИЈА ТП Скопје потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и истите се спроведени.

Независноста на ТП во однос на клиентите, ја потврдува управителот со потпишување на писмена изјава, пред отпочнување на нов или продолжување на веќе постоечки ангажман.

**И З Ј А В А**

**за независно работење на СГД РЕВИЗИЈА ТП со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

Јас, Светлана Дукоска, овластен ревизор и управител на СГД РЕВИЗИЈА ТП Скопје, изјавувам дека во ТП се спроведени процедурите за проверка на независноста и дека СГД РЕВИЗИЈА ТП работи независно во однос на клиентите за ревизија.

Независното работење на ТП во однос на клиентите се обезбедува со придржување на целиот персонал кон интерните процедури пропишани во правилникот за контрола на квалитет, кое се состои во потпишување на изјава за независност од сите вработени во ТП на годишно ниво и при поединечен ангажман.

СГД РЕВИЗИЈА ТП Скопје
Управител,

Светлана Дукоска

Опис и изјава за политиката што ја следи ТП за континуираната едукација на овластените ревизори и останатите вработени во текот на 2015 година

Овластениот и асистент ревизорот посетуваа обуки организирани од ИОРРМ во текот на 2015 година и го исполнија потребниот број на задолжителни часови за континуирано професионално усовршување.

**И З Ј А В А**

**за политиката што ја следи ТП за континуираната едукација на овластените ревизори и останатите вработени во текот на претходната година**

Јас, Светлана Дукоска, овластен ревизор и управител на СГД РЕВИЗИЈА ТП Скопје, изјавувам дека согласно барањата на Законот за ревизија во Република Македонија и програмата на ИОРРМ за континуирана едукација на овластените ревизори и останатите вработени, во претходната година посетувани се задолжителни обуки за континуирано професионално усовршување во траење од најмалку 40 часа годишно организирани од Професионалната организација на овластени ревизори во Република Македонија.

СГД РЕВИЗИЈА ТП Скопје
Управител,

Светлана Дукоска

Финансиски информации за вкупниот приход расчленет на четири категории услуги

Во текот на 2015 година ТП има остварено:

- Приходи од ревизорски услуги 1,407 илјади денари
- Други неревизорски приходи 6 илјади денари

**Вкупно 1,413 илјади денари**

Компаративно, во текот на 2014 година ТП има остварено:

- Приходи од ревизорски услуги 1,329 илјади денари

**Вкупно 1,329 илјади денари**

Основа според која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Хонорарот на овластениот ревизор, т.е. надоместокот за поединечните ревизии, како и за другите ангажмани е заснован пред се' на потребното време за извршување на ангажманот, видот на ангажманот, како и дејностите што ги обавува.

Скопје, 31.03.2016 година

СГД РЕВИЗИЈА ТП
Управител,